   - Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад за 2011 година;
   - Програма за одржување на градскиот стадион на ФК Брегалница и спортски игралишта;
   - Програма за работа на РЕ„Пазар со наплатна служба“;
   - Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“;
   - Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
   - Програма за одржување на гробиштата;
   - Програма за одржување на коритото на река Отиња;
   - Програма за санација на загубите на вода во системот за водоснабдување на град Штип.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: февруари

5. Извештај за работењето на ЈП„Исар“ Штип по програма за одржување на јавната чистота за 2010 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: февруари

6. Извештаи (тримесечни) за работењето на ЈП „Исар“-Штип со финансиски показатели по:
   - Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации;
   - Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад за 2011 година;
   - Програма за одржување на градскиот стадион на ФК Брегалница и спортски игралишта;
   - Програма за работа на РЕ„Пазар со наплатна служба“;
   - Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“;
   - Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
   - Програма за одржување на гробиштата;

- Програма за одржување на коритото на река Отиња;
- Програма за  одржување на јавната чистота.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: април, јули, октомври, јануари

7. Извештај за работењето на ЈП „Штип-проект“-Штип во 2010 година по:
   - Програма за уредување на градежно земјиште;
   - Програма за одржување на сообраќајна сигнализација;
   - Програма за одржување на локални патишта и улици во зимски услови.

Носител: ЈП „ Штип-проект “-Штип
Рок: февруари

8. Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици.

Носител: ЈП „ Штип-проект “-Штип
Рок: февруари

9. Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина
Рок: јануари

10. Тромесечни извештаи за работењето на ЈП „Штип-проект“-Штип  со финансиски показатели по:
    - Програма за уредување на градежно земјиште;
    - Програма за одржување на сообраќајна сигнализација;
    - Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;
    - Програма за одржување на локални патишта и улици во зимски услови.

Носител: ЈП „ Штип-проект “-Штип
Рок: април, јули, октомври, јануари

11. Извештај за работењето на ЈП „Фортуна“-Штип во 2010 година.

Носител: ЈП „Фортуна“-Штип
Рок: февруари

12. Извештаи (шестмесечни) за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Штип.

Носител: Сектор за внатрешни работи Полициска станица-Штип
Рок: Јули, јануари

13. Годишен извештај за работа на ОУ „Димитар Влахов“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: ОУ „Димитар Влахов“-Штип
Рок: август

14. Годишен извештај за работа на ОУ „Тошо Арсов“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: ОУ „Тошо Арсов“-Штип
Рок: август

15. Годишен извештај за работа на ОУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: ОУ „Ванчо Прке“-Штип
Рок: август

16. Годишен извештај за работа на ОУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: ОУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: август

17. Годишен извештај за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ -Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип
Рок: октомври

18. Годишен извештај за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: октомври

19. Годишен извештај за работа на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин“-Штип
Рок: октомври

20. Годишен извештај за работата на СОУ „Јане Сандански“-Штип за учебната 2010/2011 година.

Носител: СОУ „Јане Сандански“-Штип
Рок: октомври

21. Годишен извештај за работа на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип за 2010/2011 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо“-Штип
Рок: октомври

22. Годишен извештај за работа на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2010/2011 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“
Рок: октомври

23. Извештај за работењето на Дом на млади-Штип.

Носител: Дом на млади
Рок: февруари

24. Извештај за работењето на Совет на млади.

Носител: Совет на млади
Рок: јануари

25. Извештај за работењето на Совет на потрошувачите.

Носител: Совет на млади
Рок: јануари

26. Извештај за состојбата со остварувањето на правата утврдени со Законот за ментално здравје и други прописи на лицата со ментална болест.

Носител: Комисија за ментално здравје
Рок: февруари

27. Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип.

Носител: Градоначалник
Рок: април, јули, октомври, јануари

28. Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2010 година.

Носител: Градоначалник
Рок: јули, јануари

29. Извештај за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција.

Носител: Комунална и сообраќајна инспекција
Рок: јули, јануари

30. Извештај за работењето на инспекција за животна средина.

Носител: инспекција за животна средина
Рок: јули, јануари

31. Извештај за работењето на Комисија за процена на пазарна вредност на недвижен имот на територија на Општина Штип.

Носител: Комисија за процена на пазарна вредност на недвижен имот на територија на Општина Штип
Рок: јули, јануари

32. Извештај на Комисија за утврдување на висина на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи.

Носител: Комисија за утврдување на висина на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи
Рок: по потреба

## II. **Програмски дел**

1. Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2012 година.

Носител: Одделение за правно нормативни работи, јавни набавки и поддршка на советот
Рок: декември

2. План на програми за развој на Општина Штип.

Носител: Градоначалник
Рок: ноември

3. Програма за уредување на градежно земјиште за 2012 година.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: октомври

4. Програма за одржување на сообраќајната сигнализација за 2012 година.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: октомври

5. Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици за 2012 година.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: октомври

6. Програма за одржување на локалните патишта во Општина Штип за 2011/2012 година во зимски услови.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: октомври

7. Програма за јавно осветлување за 2012 година.

Носител: Градоначалник
Рок: септември

8. Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации за 2012 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

9. Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад за 2011 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

10. Програма за одржување на градскиот стадион на ФК „Брегалница“ и спортски игралишта.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

11. Програма за работа на РЕ„Пазар со наплатна служба“.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

12. Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

13. Програма за одржување на јавната чистота за 2012 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

14. Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење за 2012 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

15. Програма за одржување на гробиштата за 2012 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

16. Програма за одржување на коритото на река Отиња за 2012 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: октомври

17. Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2012 година.

Носител: Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина
Рок: октомври

18. Програма за работа на Дом на млади-Штип.

Носител: Дом на млади-Штип
Рок: ноември

19. Годишна програма за работа на ОУ „Димитар Влахов“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: ОУ „Димитар Влахов“-Штип
Рок: август

20. Годишна програма за работа на ОУ „Тошо Арсов“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: ОУ „Тошо Арсов“-Штип
Рок: август

21. Годишна програма за работа на ОУ „Ванчо Прке“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: ОУ „Ванчо Прке“-Штип
Рок: август

22. Годишна програма за работа на ОУ „Гоце Делчев“-Штип за учебната 2011/2012година.

Носител: ОУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: август

23. Годишна програма за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојмен-ски“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип
Рок: октомври

24. Годишна програма за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: октомври

25. Годишна програма за работа на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин“-Штип
Рок: октомври

26. Годишна програма за работата на СОУ „Јане Сандански“-Штип за учебната 2011/2012 година.

Носител: СОУ „Јане Сандански“-Штип
Рок: октомври

27. Годишна програма за работа на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип за 2011/2012 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо“-Штип
Рок: октомври

28. Годишна програма за работа на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2011/2012 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“
Рок: октомври

29. Годишна програма за работа на Совет на млади на Општина Штип за 2012 година.

Носител: Совет на млади
Рок: септември

30. Програма за спорт за 2012 година.

Носител: Одделение за јавни дејности
Рок: септември

31. Програма за култура за 2012 година.

Носител: Одделение за јавни дејности
Рок: септември

## III. Тематски дел

1. Информација за состојбата и користење на средствата од самопридонесот.

Носител: Комисија за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот
Рок: јули, јануари

2. Информација за состојбата на локалната патна мрежа во општината.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: Јануари, јули

3. Информација за зимско одржување на улиците.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: март

4. Информација за состојбата во територијалната противпожарна единица.

Носител: Одделение за заштита и спасување
Рок: декември

5. Информација за извршување на надлежностите на градоначалникот во согласност со Статутот на Општина Штип.

Носител: Градоначалник
Рок: јануари, јули

6. Информација за состојбата со бесправната градба во Општина Штип.

Носител: Градежен инспектор
Рок: март

7. Информација за работењето на Локалниот совет за превенција.

Носител: Локален совет за превенција
Рок: јануари, јули

## IV. **Нормативен дел**

1. Завршна сметка за извршување на буџетот на Општина Штип за 2010 година.

Носител: Градоначалник
Рок: март

2. Завршна сметка на ЈП „Исар“-Штип за 2010 година.

Носител: ЈП „Исар“-Штип
Рок: март

3. Завршна сметка на ЈП „Штип-проект“-Штип за 2010 година.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: март

4. Завршна сметка на ЈП „Фортуна“-Штип за 2010 година.

Носител: ЈП „Фортуна“-Штип
Рок: март

5. Завршна сметка на ОУ „Димитар Влахов“-Штип за 2010 година.

Носител: ОУ „Димитар Влахов“-Штип
Рок: март

6. Завршна сметка на ОУ „Тошо Арсов“-Штип за 2010 година.

Носител: ОУ „Тошо Арсов“-Штип
Рок: март

7. Завршна сметка на ОУ „Ванчо Прке“-Штип за 2010 година.

Носител: ОУ „Ванчо Прке“-Штип
Рок: март

8. Завршна сметка на ОУ „Гоце Делчев“-Штип за 2010 година.

Носител: ОУ „Гоце Делчев“-Штип
Рок: март

9. Завршна сметка на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип за 2010 година.

Носител: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип
Рок: март

10. Завршна сметка на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип за 2010 година.

Носител: СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип
Рок: март

11. Завршна сметка на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип за 2010 година.

Носител: СОУ „Коле Нехтенин“-Штип
Рок: март

12. Завршна сметка на СОУ „Јане Сандански“-Штип за 2010 година.

Носител: СОУ „Јане Сандански“-Штип
Рок: март

13. Завршна сметка на Општинска јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип за 2010 година.

Носител: ОЈУДГ „Астибо“-Штип
Рок: март

14. Завршна сметка на Јавна установа за деца - Општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2010 година.

Носител: ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена“
Рок: март

15. Буџет на Општина Штип за 2012 година.

Носител: Градоначалник
Рок: декември

16. Предлог-одлуки за измена на деталните урбанистички планови на град Штип.

Носител: ЈП „Штип-проект“-Штип
Рок: по потреба

17. Изготвување и измени на нормативните акти на Советот на Општина Штип.

Носител: Општинска администрација
Рок: Континуирано преку цела година

## V. Информативен дел

1. Информација за инфективните заболувања во Општина Штип.

Носител: Центар за јавно здравје
Рок: февруари

2. Информација за состојбата со невработеноста во Општина Штип.

Носител: Центар за вработување
Рок: март

3. Информација за хигиено-епидемиолошката состојба во Општина Штип.

Носител: Центар за јавно здравје
Рок: јануари

4. Информација за спроведените контроли на кафичите и рестораните во врска со работното време.

Носител: Државен трудов инспекторат, МВР
Рок: март

5. Информација за изготвените и аплицирани проекти со посебен осврт за реализираните проекти.

Носител: Градоначалник
Рок: февруари

6. Информација за социјалните трансфери и трансфери на здруженија на граѓани и физички лица, односно од која сфера колку средства се насочени.

Носител: Општинска администрација
Рок: крај на март

## VI. Перманентна работа на Советот се сите задачи што ќе произлезат во тековното работење на Советот.

Број 0701-7674/1
28 декември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

498.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВАТА 2011 ГОДИНА И БОЖИЌ И
ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Се објавува Одлуката за донесување на Програма за одбележување на Новата 2011 година и Божиќ и потребни средства за реализација на активностите.

Број 08-7675/2
4 јануари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

499.

Врз основа на член 48 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 декември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ
НА НОВАТА 2011 ГОДИНА И БОЖИЌ И ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Член 1

Се донесува Програма за одбележување на Новата 2011 година и Божиќ и потребни средства за реализација на активностите.

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за одбележување на Новата 2011 година и Божиќ и потребни средства за реализација на активностите.

Член 2

Средствата во износ од 320.000,00 денари за реализација на активностите од Програмата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип за 2010 година.

По завршувањето на активностите, Одделението за поддршка на градоначалникот до Советот на Општина Штип да поднесе Извештај за реализираните активности и потрошените средства.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-7675/1
28 декември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

500.

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВАТА 2011 ГОДИНА И БОЖИЌ
И ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

При дочекот на Новата година, од страна на градоначалникот на Општина Штип се преземаат повеќе активности кои традиционално се извршуваат со цел да се одбележи доаѓањето на Новата година, а на вработените кои континуирано дежураат во текот на целата година, поради видот на службата која ја вршат, да им се оддаде признание за работните ангажмани.

Исто така пред дочекот на Новата година се врши сумирање на постигнатите резултати поради што и се организира избор на најдобар спортист во изминатата година.

За одбележување на Новата 2011 година и Божиќ, се предлагаат следните активности:

| **АКТИВНОСТИ** | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | | |
| | **24.12.2010 - петок** | |
| 1. | Формирање комисија за избор на најдобро украсен објект | |
| | | |
| | **27.12.2010 - понеделник** | |
| 2. | Избор на најдобро украсени објекти<br>Време: од 18:00 до 20:00 часот<br>Место: Обиколка на целиот град | |
| | | |
| | **29.12.2010 - среда** | |
| 3. | Посета на дежурната екипа во СВР Штип и врачување пригоден подарок | |

| | | |
|---|---|---|
| | Време: 10:00 часот<br>Место: СВР Штип | |
| 4. | Посета на дежурната екипа пожарникари и врачување на пригодна награда на најдобриот пожарникар во изминатата 2010 година<br>Време: 11:30 часот<br>Место: Противпожарен дом во Штип | |
| 5. | Посета на дежурната екипа во Брзата помош и врачување пригоден подарок<br>Време: 12:30 часот<br>Место: Медицински центар - Брза помош | |
| 6. | Посета на дежурната екипа во Филтер станицата и врачување пригоден подарок<br>Време: 13:30 часот<br>Место: Филтер станица | |
| 7. | Доделување на наградите за најдобро украсени објекти<br>Време: 14:30 часот<br>Место: Кабинет на Градоначалникот | |
| 8. | Прогласување на најдобриот спортист на годината со пригоден коктел<br>Време: 20:00 часот<br>Место: дополнително ќе биде утврдено | |
| | | |
| | **30.12.2010 - четврток** | |
| 9. | Средба на Градоначалникот со деца од предучилишните установи<br>Време: 09:00 часот<br>Место: Кабинет на Градоначалникот | |
| 10. | Традиционална средба помеѓу членовите на Советот на Општина Штип со новинарите и раководители од општинската администрација<br>Време: 20:00 часот<br>Место: дополнително ќе биде утврдено | |
| | | |
| | **31.12.2010 - петок** | |
| 11. | Огномет<br>Време 00:00 часот<br>Место: Плоштад Слобода | |
| | | |
| | **01-02.01.2011 - сабота, недела** | |
| 12. | Посета на првото новородено дете во 2011 година<br>Време: 11:00 часот<br>Место: Гинеколошко одделение на Болницата во Штип | |
| 13. | Средба со персоналот на Гинеколошкото одделение во Болницата во Штип и врачување пригоден подарок | |

| | | |
|---|---|---|
| | Време: 11:30 часот<br>Место: Гинеколошко одделение на Болницата во Штип | |
| | | |
| | **05-06.01.2011- среда и четврток** | |
| 14. | Божиќни (бадникови) посети на Урбаните заедници<br>Време: 17-22:00 часот<br>Место: Урбани заедници | |

Реализацијата на Програмата за дочек на Новата 2011 година и Божиќ ќе ја врши Одделението за поддршка на градоначалникот кое по завршувањето на активностите ќе изготви Извештај за реализираните активности и потрошените средства.

| **АКТИВНОСТИ** | |
|---|---|
| Празнично украсување на градот (за Св. Никола, Нова година, Божиќ и Василица) | |
| - набавка на украси | |
| - монтажа и демонтажа на украси | |
| - приклучување на украсите на ел. мрежа | |
| - изработка на метални држачи за украси и постамент за новогодишна елка | |
| Вкупно: | 1.000.000 |

**Напомена**:

Заради завршување на постапките за набавка на украси за празнично украсување на градот за празникот Св. Никола, за Новата година, Божиќ и Василица, Советот на Општина Штип веќе има донесено Одлука број 0708-5948/1 од 29.10.2010 година. Реализацијата на делот за украсување ќе ја врши Одделението за комунални дејности и по завршување на активностите ќе изготви Извештај за потрошените средства по Одлуката.

| **СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА НОВАТА 2011 ГОДИНА И БОЖИЌ** | | |
|---|---|---|
| Ред.бр. | | |
| 1. | Подароци и награди за:<br>- дежурен полицаец<br>- дежурен пожарникар<br>- Служба на брза помош<br>- Филтер станица<br>(техничка стока ДВД или слично) | 12.000 |
| 2. | Награди за најдобро уредени:<br>- индивидуална станбена зграда<br>- деловен објект | |

| | | |
|---|---|---|
| | - јавна установа (институција)<br>( техничка стока ДВД или слично) | 12.000 |
| 3. | Штедна книшка за првото новородено дете во 2011 година | 10.000 |
| 4. | Играчка за новороденчето, цвеќе и бонбониера за мајката | 2.500 |
| 5. | Украсување на подароци од точка 1, 2 и 4 | 1.500 |
| 6. | Прием на деца од предучилишните установи (бонбони, чоколади и балони) | 10.000 |
| 7. | Ангажирање на Дедо Мраз | 1.000 |
| 8. | Репрезентативни материјали<br>(нотеси и пенкала за вработените во ЕЛС, членовите на Советот, новинари и други соработници) | 50.000 |
| 9. | Честитки | 10.000 |
| 10. | Ангажирање фотограф и изработка на фотографии од предвидените активности | 5.000 |
| 11. | Традиционална средба на членови на Советот со новинари и раководители | 50.000 |
| 12. | Награди за најдобриот спортист на годината | 38.000 |
| 13. | Коктел за гости на изборот на спортист на годината | 17.000 |
| 14. | Огномет во траење од 3 минути | 61.000 |
| 15. | Средства за урбаните заедници за Божиќ и Бадник | 40.000 |
| | **ВКУПНО**: | **320.000** |

501.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ
ЗА 2011 ГОДИНА

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за спорт за 2011 година.

Број 08-7676/2
4 јануари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

502.

Врз основа на член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на РМ“ број 29/02, 66/04 и 81/08), член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 декември 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се донесува Програма за спорт за 2011 година со следниот **заклучок**:

- За секоја поединечна активност од Програмата и за нејзино финансирање, Советот ќе одлучува посебно, а по поднесено барање за истата.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-7676/1 | Совет на Општина Штип |
| 28 декември 2010 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

503.

Поаѓајки од одребите на членот 22-а од Законот за спорт и членот 22 точка 6 од Законот за локална самоуправа во кои се утврдени надлежностите во дејноста спорт на единиците на локалната самоуправа: развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните; организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво и ниво на град Скопје; утврдување на мрежата на спортските објекти и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на град Скопје, Одделението за јавни служби при Општина Штип до Комисијата за спорт на Советот на Општина Штип предлага

П Р О Г Р А М А
за спорт за 2011 година

Општина Штип преку Одделението за јавни служби планира да ја реализира и спроведе Програмата за спорт за 2011 година во која се состојат различни спортски содржини и активности од обласата на:

1. **Развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните**
2. **Организирање на спортски приредби и манифестации**
3. **Поддржување на систем на натпревари на општинско ниво**
4. **Утврдување на мрежата и обновување на спортските објекти**
5. **Поддржување на општинските сојузи**
6. **Други спортски програми, содржини и активности утврдени со надлежностите на единиците за локална самоуправа**

* За реализација на сите проекти кои ќе се содржат во горенаведените точки ќе се изработуваат посебни предлог-програми, содржини и активности, со детална финансиска конструкција за истите и како такви ќе бидат предложени до Советот на Општина Штип.

**1. Развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните**

Во категоријата на развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните за реализација се планирани следниве содржини и активности:

1. Клубовите во Општина Штип кои остваруваат спортски успеси во системот на натпревари и имаат долгогодишна традиција и голем опфат на млади спортисти од сите возрасни категории инвестирајќи во нивните програмски содржини и услови за тренинг и натпревари (во досегашната пракса се опфатени **ФК Брегалница и БК Балканец**);
2. Клубовите и спортските школи кои како програмска определба имаат работа со сите млади возрасни категории, обезбедувајќи им приоритет во користење на објектите за спорт и инвестирање во нивните програмски содржини (**Развој на младинскиот спорт**);
3. Најуспешните спортски клубови во општината, учесници во националниот систем на натпревари, обезбедувајќи им услови за тренинг и натпревари - **котизации**;
4. Активности и програмски содржини од училишниот и студентскиот спорт (**училишен спорт** - систем на натпревари на основни и средни училишта во општински, зонски, меѓузонски, регионални и републички натпревари);
5. Спортско рекреативни активности на граѓаните „Спорт за сите” каде се опфатени сите возрасни категории (**Штипска спортска олимпијада**)
6. **ОПЕН ФАН** школата

7. **Меѓународно мото рели 8-ми септември.**

**2. <u>Организирање на спортски приредби и манифестации</u>**

Во категоријата на организирање на спортски приредби и манифестации се планирани следниве активности и содржини за реализација:

1. **Избор на спортист** на Општина Штип;
2. Подршка и инвестирање во спортски **турнири;**
3. Доделување на **награди и признанија** на спортисти и клубови за разни спортски достигнувања во сите спортски дејности притоа афирмирајќи ја и претставувајќи ја општината на државно и национално ниво;
4. Меморијален меѓународен турнир во борење „**Киро Ристов**";
5. Турнир во мал фудбал „**Достоинство**".

**3. <u>Поддржување на систем на натпревари на општинско ниво и поддржување на општинските сојузи</u>**

Во категоријата на поддржување на општинските сојузи и систем на натпревари на општинско ниво за реализација се планирани следните содржини, програми и активности:

1. Поддршка и инвестирање во програми, содржини и активности на **ОФС - Штип**

* ОФС - Штип ќе апплицира до Комисијата за спорт и Советот на Општина Штип со посебна програма и активности за реализација на истите.

**4. <u>Утврдување на мрежата и обновување на спортските објекти</u>**

Во категоријата на утврдување на мрежите и обновување на спортските сали се предвидени следниве програми, содржини и активности:

1. Поддршка и инвестирање во Развој на младинскиот спорт, младиски спортски клубови и младински спортисти при што општината ќе им обезбеди услови за тренинг и натпревари на иститите, односно термините за тренинг и натпреварување ќе ги поддржи финансиски општината, а средствата кои ќе се префрлаат за овие програми, содржини и активности на училиштата за користење на термини во училишните спортски сали ќе бидат **наменски** употребени за на мрежите и обновување на спортските сали.

5. **<u>Други спортски програми, содржини и активности утврдени со надлежностите на единиците за локална самоуправа</u>**

Во категоријата на други спортски програми, содржини и активности утврдени со надлежностите на единиците за локална самоуправа се предвидени програми, содржини и активности кои ќе бидат доставени од страна на клубови, спортисти и рекреативци во текот на годината кои пак ќе подлежат на разгледување и одобрување од Комисијата за спорт и Советот на Општина Штип.

**Предлог буџетот за реализација на програмските содржини и активности за спорт за 2011 година изнесува 7.2 милиони денари**.

504.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ПРОГРАМА НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОД 2011–2012 ГОДИНА

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип за период 2011–2012 година.

Број 08-7677/2 — Општина Штип
4 јануари 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

505.

Врз основа на член 126 став 4 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ“ број 38/04, 77/07 и 103/08), член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 декември 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА СОВЕТОТ
ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОД 2011-2012 ГОДИНА

I

Се донесува Програма на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип за период 2011-2012 година со следниот **заклучок**:

- За секоја поединечна активност од Програмата на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип за период 2011-2012 година и за нејзиното финансирање, Советот ќе одлучува посебно за конкретната активност, а по поднесено барање за истата.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-7677/1
28 декември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

506.

Врз основа на член 126 став 4 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ“ број 38/04, 77/07 и 103/08), член 21 точка 11 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 декември 2010 година, донесе

П Р О Г Р А М А
НА СОВЕТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОД 2011-2012 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Заштитата на потрошувачите во современите развиени демократски општества е препознаена како едно од правата во корпусот на права на човекот и граѓанинот и како такво се вбројува во правата со највисок приоритет кои секоја држава е должна да ги заштитува низ правниот систем и соодветните политики.

Во Република Македонија оваа прашање се актуелизира со консензуалната заложба на граѓаните за приклучување кон Евроатланските интеграции, а особено кон ЕУ, каде веќе со децении постои потрошувачко право на Европската Унија материјализирано преку цел низ на директиви и препораки од овој домен кои Македонија мораше да ги транспонира во своето национално законодавство следејќи ги одредбите на Договорот за стабилизација и асоцијација и статусот на земја кандидат.

Република Македонија започна активно да работи на институционализацијата на заштитата на потрошувачите кон крајот на 90-тите години на минатиот век, што резултираше со донесувањето на првиот Закон за заштита на потрошувачите во 2000-та година и со креирање на првата конзистентна национална политика во 2006-та година, донесувајќи ја првата програма за заштита на потрошувачите на Владата на РМ за периодот 2007-2008 година. Во меѓувреме реализирана е уште една национална програма за 2009-2010, а во тек е изготвувањето на третата програма за период 2011-2012 година.

Потребата од креирање на локални потрошувачки политики базира првенствено на процесот на децентрализација, кој во процесот на превземање (трансфер) на надлежности од централната на локалната власт, зафати подрачја кои се од исклучително значење за процесот на заштита на потрошувачите како образованието, здравството, локалните пазари, социјалата и слично, кои заедно со комуналните услуги кои традиционално се даваат на локално ниво, претставуваат значителен корпус на прашања од интерес за граѓаните – потрошувачи.

Со донесувањето на оваа програма, Советот на Општина Штип дава свој придонес во остварувањето на таканаречените осум основни потрошувачки права на граѓаните и тоа:

1. Право на задоволување (расположивост) на основните потреби за стоки и услуги на територијата на општината;
2. Право на безбедни стоки и услуги кои се нудат на пазарот;
3. Право на информираност за прашања од интерес за потрошувачите;
4. Остварување на правото на избор, преку развој на малопродажната мрежа на стоки и услуги на територијата на општината;
5. Право (можност) да се чуе гласот на потрошувачите;
6. Право на обештетување на потрошувачите кога нивните економски интереси се загрозени;
7. Право на образование на потрошувачите и
8. Право на здрава животна средина.

Со програмата на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип, се задолжуваат сите органи, тела, установи и други организации и институции кои делуваат на територијата на Општина Штип во извршувањето на нивната дејност да ги почитуваат аспектите на заштитата на потрошувачите утврдени со правната рамка, програмата за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и оваа програма.

## II. ПРАВНА РАМКА

Анализата на правната рамка во доменот на заштитата на потрошувачите покажува дека во најголема мерка регулативата на Европската унија е транспонирана во македонското законодавство. Така, во овој момент во правниот систем на Република Македонија се во важност следните закони кои директно регулираат подрачја од интерес за заштитата на потрошувачите:

- Закон за заштита на потрошувачите;
- Закон за безбедност на производите;
- Закон за безбедност на храната и производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната;
- Закон за заштита на потрошувачите при потрошувачки кредити;
- Закон за права на пациентите.

Покрај овие, би можело да се каже претежно чисто потрошувачки закони, со оглед на мултидимензионалноста на заштитата на потрошувачите, одредби од интерес за овој домен можат да се најдат и во цел низ на други закони и подзаконски акти, како на пример во Законот за облигационите односи, Законот за туристичка дејност, Законот за угостителска дејност, Законот за здравствено осигурување, Законот за здравствена заштита, Законот за лекови, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за електронски комуникации, Законот за домување и сл.

Ваквата комплексна состојба во значителна мерка се одрази и во определувањето на активностите планирани за периодот опфатен со програмата, со цел да оваа легислатива на што е можно поадекватен начин да се приближи на граѓаните преку нивно информирање и едукација.

## III. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на Програмата на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип е сензибилизирање на јавноста за заштитата на потрошувачите и подигање на нивото на заштитата на потрошувачите во Општина Штип во наредните две години.

## IV. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2012 година во рамките на Програмата на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип ќе бидат реализирани следните активности:

- Јакнење на институционалната рамка и воспоставување соработка и координација помеѓу субјектите релевантни за заштита на потрошувачите, со посебен акцент на државните инспекциски органи за спроведување на пазарниот надзор (континуирано);

- Активности за следење на состојбите на локалниот пазар од интерес за потрошувачите и нивно информирање (континуирано);
- Подигање на свеста на потрошувачите по однос на нивните права и улогата во пазарната економија (континуирано);
- Информирање на јавноста за измените на Законот за заштита на потрошувачите (2011 година);
- Информирање на јавноста за обврските кои произлегуваат од Законот за домување (2011 година);
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип во доменот на потрошувачкото право (2011 година):
- Едукација на членовите на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип во доменот на потрошувачките политики (2011 година);
- Пригодно одбележување на 15-ти март, светскиот ден на потрошувачите (во двете опфатени години);
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите утврдени со Законот за права на пациентите (2012 година);
- Кампања за популаризација на правата на потрошувачите од Законот за потрошувачки кредити и потрошувачите на банкарски услуги (2012 година);
- Информирање на граѓаните за новините во Законот за градба (2012 година);
- Организирање на воспитно отворени образовни активности и отворени часови за различни аспекти на заштитата на потрошувачите во училиштата на територијата на Општина Штип (во обете опфатени школски години);
- Соработка со Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и координирање на активностите (континуирано);
- Работна средба со операторите за храна и потрошувачите;
- Изготвување и печатење брошури за информирање на потрошувачите и безбедност и квалитет на храна;
- Едукација на потрошувачите за високо-сложените технички производи.

Во периодот на имплементација на оваа Програма, Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип ќе работи и на други активности, доколку тоа го налага актуелниот момент, односно потреби.

## V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Во имплементацијата на Програмата на Советот за заштита на потрошувачите ќе се вклучат сите општински служби, јавни установи, јавното/ите претпријатие/ија, потрошувачки и сродни невладини организации, инспекциските органи кои делуваат во Општината, во рамките на нивните надлежности и мисија.

Во периодот опфатен со Програмата, Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип, тесно ќе соработува и ќе ги координира активностите со Советот за заштита на потрошувачи на Владата на Република Македонија и со Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Во процесот на имплементација на Програмата, Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип ќе остварува најтесна можна соработка со локалните медиуми со цел да се информира и сензибилизира јавноста за Програмата и активностите кои се превземаат.

Имплементацијата на оваа Програма ќе ја следи Советот за заштита на потрошувачи на Општина Штип. Претседателот на Советот за процесот на реализација на Програмата тековно ќе го информира Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, а во текот на декември од секоја тековна година ќе поднесува и годишен извештај пред Советот на Општина Штип.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на Програмата на Советот за заштита на потрошувачите на Општина Штип ќе се врши со средства од Буџетот на Општината, од донации и спонзорства, како и од вклучување на Општината во проекти од овој домен финансирани од претпристапните фондови на ЕУ и од други донатори.

Совет за заштита на потрошувачите
на Општина Штип
Претседател

Снежана Папарова, с. р.

507.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА ПО ПРОГРАМИ

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за работа на ЈП „Исар“ – Штип за 2011 година по програми.

Број 08-7678/2
4 јануари 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

508.

Врз основа на член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 точка 14, 16, 17 и 18 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 декември 2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ЈП „ИСАР“ – ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА
ПО ПРОГРАМИ

I

Се донесува Програма за работа на ЈП „Исар“ – Штип за 2011 година по:

- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи и канализации;
- Програма за работа за изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот и цврст и технолошки отпад за 2011 година;
- Програма за одржување на градскиот стадион на ФК Брегалница и спортски игралишта;
- Програма за работа на РЕ „Пазар со наплатна служба“;
- Програма за работа на РЕ „Бања Кежовица“;
- Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
- Програма за одржување на гробиштата и
- Програма за одржување на коритото на река Отиња.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-7678/1
28 декември 2010 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

509.

# П Р О Г Р А М А
## за изградба, реконструкција и одржување на водовод и канализација за 2011 година

ЈП „Исар”-Штип преку **РЕ „Водовод и канализација“** ги извршува следниве дејности од јавен интерес: производство и дистрибуција на вода за пиење и одведување на отпадна вода.

РЕ „Водовод и канализација“ врши редовно водоснабдување на град Штип и приградските населби Три чешми, с. Караорман, како и селата Драгоево и Долани.

Оваа работна единица врши одржување на постоечката главна и секундарна канализациона мрежа во град Штип и приградска населба Три чешми.

РЕ „Водовод и канализација” извршува и работи кои се сврзани со проектирање, изградба и реконструкција на системот за водоснабдување и на системот за одведување на отпадните води.

Во текот на 2011 година оваа работна единица ги планира следните активности:

**I. Изработка на инвестиционо - техничка документација**

| | |
|---|---|
| - Изработка на идејни и основни проекти за реконструкција на водоводни линии предвидени со Програмата за работа за 2011 година | 100.000,00 |
| - Изработка на идејни и основни проекти за реконструкција на канализациони линии предвидени со Програмата за работа за 2011 година | 100.000,00 |
